# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Среда, 26 јули 1989
Скопје
Број 29 Год. XLV

Аконтацијата за 1989 година изнесува 130.000 динари. Овој број чини 5.000 дин. Жиро сметка 40100-603-12498


**497.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ПРЕСМЕТАНАТА АМОРТИЗАЦИЈА

Се прогласува Законот за намалување на пресметаната амортизација,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 19 јули 1989 година.

Бр. 08-2739/1
19 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН
## ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ПРЕСМЕТАНАТА АМОРТИЗАЦИЈА

Член 1

Пресметаната амортизација на средствата за работа во јавните претпријатија, во претпријатијата за вработување на инвалиди, организациите на инвалиди и во организациите од нестопанските дејности, како и пресметаната амортизација на инфраструктурата и на водостопанските објекти, се намалува најмногу за соодветен износ на амортизацијата сразмерно на делот со кој овие средства за работа, инфраструктура и објекти се градени од неповратни средства или со делот во кој на организацијата дејноста и се финансира со даноци воведени со републички закони, односно чии средства се обезбедени или се обезбедуваат од Републичкиот буџет.

Член 2

Со влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за намалување и одлагање на пресметувањето на амортизацијата на општествените средства („Службен весник на СРМ" број 7/88 и 20/88).

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

---

**498.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за насоченото образование,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 19 јули 1989 година и на седницата на Собранието на Републичката заедница на образованието, одржана на 13 јули 1989 година.

Бр. 08-2735/1
19 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Во Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85, 2/86, 29/86, 7/88 и 18/89) во членот 11 по став 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Во организациите за насочено образование може да се организира настава на еден од светските јазици под услови утврдени со овој закон".

Член 2

Во членот 17 по став 7 се додава нов став 8 кој гласи:

„Пред донесувањето на плановите и програмите за воспитно-образовна дејност се води јавна расправа."

Член 3

Во членот 45 точката на крајот се заменува со запирка и се додаваат зборовите „доколку за тој профил не постои IV степен на стручна подготовка."

Член 4

Во членот 47 алинеја 1 се менува и гласи:

„— завршување на соодветни планови и програми за воспитно-образовна дејност за високо образование по претходно здобиен IV односно V степен на стручна подготовка како и III степен на стручна подготовка доколку за тој профил не постои IV степен на стручна подготовка."

Член 5

Во членот 50 став 2 точката на крајот се брише и се додаваат зборовите: „од истата научна област, а останатите членови се од соодветната научна област."

Член 6

Во членот 70 став 2 се менува и гласи:

„Организацијата за високо образование може испитите да ги организира и во други испитни рокови утврдени со статутот на организацијата."

Член 7

Во членот 72 став 2 зборовите: „по исклучок“ се бришат.

Член 8

Во членот 73 став 4 се брише.

Ставот 6 се менува и гласи:

„Студентите кои не ќе ја завршат годината во роковите утврдени во ставовите 1 и 3 на овој член, како и апсолвентите кои во рок од 2 години по апсолвирањето не ги завршат студиите, образованието на истиот вид студии може да го продолжат како вонредни студенти со обврска целосно да ги плаќаат трошоците на своето натамошно образование, под услови што ќе ги утврди соодветната заедница на насоченото образование.“

По ставот 6 се додава нов став 7 кој гласи:

„Студентите од став 1 на овој член кои нема да ги завршат студиите во роковите утврдени со член 73 став 2 на овој закон го губат статусот на студент.“

Член 9

Во членот 85 став 4 се менува и гласи:

„Запишувањето на учениците во средното образование и воспитание се врши за струка во прва година по пат на конкурс кој се објавува до 31 март.“

По став 4 се додава нов став 5 кој гласи:

„Насочувањето на учениците за еден од образовните профили се врши во втора година од средното образование од страна на училиштето за средно образование според единствени критериуми што ги утврдуваат соодветните заедници на насочено образование.“

Досегашниот став 5 станува став 6.

Член 10

Во членот 97 став 1 точката на крајот се брише и се додаваат зборовите: „на начин определен со статутот.“

Став 2 се брише.

Член 11

Во членот 146 став 1 по зборот „задачи“, се додаваат зборовите: „да се грижат за создавање на наставно-научен кадар.“

Член 12

Во членот 158 став 1 по зборот „образование“ се додаваат зборовите: „со просечен успех најмалку 8.“

Член 13

Во членот 161 став 3 зборовите: „може да даде“ се заменуваат со зборот „дава.“

Член 14

Во членот 165 став 9 се менува и гласи:

„На наставниците, научните работници и соработниците кои не се избрани во повисоко звање, односно преизбрани во истото звање, им престанува работниот однос.“

Член 15

Во членот 166 став 2 се брише.

Член 16

Во членот 167 ставот 1 се менува и гласи:

„На наставник во насоченото образование кој во текот на учебната година ги исполнил условите за лична пензија, работниот однос може да му трае до крајот на учебната година под услови и на начин утврдени со самоуправниот општ акт на организацијата за насоченото образование.“

Член 17

Членот 168 се менува и гласи:

„Начинот, постапката, условите и критериумите за соодветноста за избор во наставни, наставно-научни и соработнички звања и за избор на стручни соработници, како и наставно-научните подрачја, области и матичноста на организацијата, се утврдуваат со самоуправен општ акт на организацијата за високо образование, а се усогласуваат во универзитетот.“

Член 18

Во членот 245 став 1 алинеја 7 и став 2 се бришат.

Член 19

Во членот 254 ставовите 2 и 3 се бришат.

Член 20

Во членот 256 став 1 точката на крајот се брише и се додаваат зборовите: „утврдени со самоуправен општ акт на училиштето.“

Член 21

Во членот 289 став 1 зборовите: „10.000 до 70.000“ се заменуваат со зборовите: „500.000 до 2.000.000.“

Во став 2 зборовите: „10.000 до 30.000“ се заменуваат со зборовите „150.000 до 250.000.“

Член 22

Во членот 290 став 1 зборовите: „20.000 до 40.000“ се заменуваат со зборовите: „300.000 до 1.000.000.“

Во став 2 зборовите: „5.000 до 10.000“ се заменуваат со зборовите: „100.000 до 250.000.“

Член 23

Во членот 291 став 1 зборовите: „20.000 до „30.000“ се заменуваат со зборовите: „300.000 до 800.000.“

Во став 2 зборовите: „5.000 до 8.000“ се заменуваат со зборовите: „100.000 до 200.000.“

Член 24

Во членот 292 став 1 зборовите: „10.000 до 20.000“ се заменуваат со зборовите: „200.000 до 500.000.“

Во став 2 зборовите: „3.000 до 5.000“ се заменуваат со зборовите: „50.000 до 150.000.“

Член 25

Во членот 293 зборовите: „2.000 до 10.000“ се заменуваат со зборовите: „100.000 до 250.000.“

Член 26

Во членот 297 ставовите 2 и 3 се заменуваат со нов став 2 кој гласи:

„Наставниците кои се здобиле со звањето доцент и вонреден професор по пат на хабилитација според Законот за високото образование („Службен весник на СРМ“ број 49/74 и 36/76), имаат право да напредуваат.“

Досегашните ставови 4, 5, 6 и 7 стануваат ставови 3, 4, 5 и 6.

Член 27

Запишување на учениците за II, III и IV степен на стручна подготовка за генерациите кои во прва година се запишале во учебната 1987/88 и 1988/89 година, се врши врз основа на конкурс кој се објавува најдоцна до 31 март.

Член 28

Организациите за високо образование се должни во рок од 1 година од влегувањето во сила на овој закон да ги донесат самоуправните општи акти од член 19 на овој закон.

Член 29

Одредбите од член 16 на овој закон не се однесуваат на лицата за кои постапката за избор, односно преизбор во звање е започната пред влегување во сила на овој закон.

Член 30

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија.“

---

**499.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за предучилишно и основно воспитание и образование

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 19 јули 1989 година.

Бр. 08-2734/1
19 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

# ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Во Законот за предучилишно и основно воспитание и образование („Службен весник на СРМ“ број 19/83) во член 20 по став 1 се додава нов став кој гласи:

„Припадниците на другите народи на Југославија и припадниците на народностите во Социјалистичка Република Македонија имаат право на настава на својот јазик, под услови утврдени со овој закон“.

Ставовите 2, 3, 4, 5, 6 и 7 се бришат.

Член 2

Во член 66 по зборовите: „и образование“ се додаваат зборовите: „во наставата“, зборовите: „во училиштата и паралелките во кои воспитно-образовната работа се изведува на соодветниот јазик“ се бришат, по зборовите: „македонски јазик“ точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „со најмалку три часа седмично“.

Член 3

Во член 121 став 1 се менува и гласи:

„Наставата на јазиците на народностите во Социјалистичка Република Македонија и на јазиците на другите народи на Југославија може да ја изведува лице, кое покрај условите од членовите 120, 125 и 127 на овој закон, го владее и јазикот на кој се изведува наставата.“

По став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„За наставник во предметна настава може да биде избрано и лице кое не го владее јазикот на кој се изведува наставата.“

Став 2 кој станува став 3 се менува и гласи:

„Наставата по предметот македонски јазик во одделенската настава може да ја изведува и лице кое не го владее јазикот на кој се изведува наставата“.

Член 4

Во член 125 став 1 по алинеја 3 се додава нова алинеја 4, која гласи:

„— да го владее македонскиот литературен јазик.“

Член 5

Во член 171 став 1 точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „на македонски јазик“.

Член 6

Член 174 се брише.

Член 7

По член 242 се додава нов член 242-а, кој гласи:

„Член 242-а

Мрежата на основните училишта во општината ја утврдува собранието на општината по добиено мислење од основачите.“

Член 8

Во член 265 став 1 зборовите: „10.000 до 20.000“ се заменуваат со зборовите: „300.000 до 2.500.000“.

Во став 2 зборовите: „10.000 до 20.000“ се заменуваат со зборовите: „300.000 до 2.500.000“.

Во став 3 зборовите: „3.000 до 5.000“ се заменуваат со зборовите: „50.000 до 250.000“.

Член 9

Во член 266 став 1 зборовите: „2.000 до 10.000“ се заменуваат со зборовите: „100.000 до 1.000.000“.

Во став 2 зборовите: „1.000 до 3.000“ се заменуваат со зборовите: „30.000 до 150.000“.

Член 10

Во член 267 зборовите: „10.000 до 30.000“ се заменуваат со зборовите: „300.000 до 2.000.000“.

По став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„За прекршок од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во градинката и во основното училиште со парична казна од 50.000 до 250.000 динари.“

Член 11

Во член 268 зборовите: „10.000 до 100.000“ се заменуваат со зборовите: „200.000 до 2.500.000“.

По став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„За прекршок од став 1 на овој член ќе се казни и одговорно лице на издавачка организација со парична казна од 50.000 до 250.000 динари.“

Член 12

Во член 269 зборовите :„2.000 до 10.000“ се заменуваат со зборовите: „100.000 до 250.000“.

Член 13

Во член 270 став 1 зборовите: „2.000 до 10.000“ се заменуваат со зборовите: „150.000 до 250.000“.

Член 14

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

---

**500.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

# УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УГОСТИТЕЛСКАТА И ТУРИСТИЧКАТА ДЕЈНОСТ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за угостителската и туристичката дејност,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 19 јули 1989 година.

Бр. 08-2733/1
19 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

# ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УГОСТИТЕЛСКАТА И ТУРИСТИЧКАТА ДЕЈНОСТ

Член 1

Во Законот за угостителската и туристичката дејност („Службен весник на СРМ“ број 24/83, 21/84, 29/86 и 36/88) во член 8 зборовите: „да ја имаат потребната стручна подготовка и“ се бришат.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

**501.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ НА НЕДВИЖНОСТИ И ПРАВА

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за данокот на промет на недвижности и права, што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 19 јули 1989 година.

Бр. 08-2736/1
19 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН

## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ НА НЕДВИЖНОСТИ И ПРАВА

Член 1

Во Законот за данокот на промет на недвижности и права („Службен весник на СРМ" број 40/84 и 51/88), во членот 4 став 1 точка 6 по зборовите „во сопственост на граѓани", се додаваат зборовите: „како основно занимање".

По став 2, се додаваат два нови става 3 и 4 кои гласат:

„Даночното ослободување од став 1 точка 6 на овој член се дава и на граѓаните кои за прв пат почнуваат со вршење на дејност, доколку во рок од 6 месеци отпочнат да вршат дејност.

Ако граѓанинот од став 3 на овој член во рок од 6 месеци од денот на купувањето на деловната просторија не отпочне да врши дејност како основно занимање, дополнително ќе биде задолжен со данок зголемен со затезна камата со примена на стапките што важеле во тој период".

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

---

**502.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УЧЕСТВО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ФИНАНСИРАЊЕТО НА ШТЕДЕЊЕТО, СУПСТИТУЦИЈАТА И РАЦИОНАЛНОТО КОРИСТЕЊЕ НА СИТЕ ВИДОВИ ЕНЕРГИЈА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за учество на Социјалистичка Република Македонија во финансирањето на штедењето, супституцијата и рационалното користење на сите видови енергија,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 19 јули 1989 година.

Бр. 08-2738/1
19 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УЧЕСТВО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ФИНАНСИРАЊЕТО НА ШТЕДЕЊЕТО, СУПСТИТУЦИЈАТА И РАЦИОНАЛНОТО КОРИСТЕЊЕ НА СИТЕ ВИДОВИ ЕНЕРГИЈА

Член 1

Во Законот за учество на Социјалистичка Република Македонија во финансирањето на штедењето, супституцијата и рационалното користење на сите видови енергија („Службен весник на СРМ" број 7/88) во член 4 став 1 зборовите: „се уплатуваат на посебна републичка сметка — средства за штедење, супституција и рационално користење на сите видови енергија" се заменуваат со зборовите: „се уплатуваат во Републичкиот буџет".

Член 2

Член 6 се менува и гласи:

„Извршниот совет на Собранието на СР Македонија може одделни организации на здружениот труд кои ќе се најдат во исклучителни економски тешкотии да ги ослободи, односно да им го намали или да им го одложи плаќањето на обврските утврдени со овој закон".

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

---

**503.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА НАМИРУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ОБВРСКИТЕ СОЗДАДЕНИ СО ИЗГРАДБАТА НА ПРОЕКТОТ „ФЕНИ" — КАВАДАРЦИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за обезбедување средства за намирување на дел од обврските создадени со изградбата на проектот „ФЕНИ" — Кавадарци,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 19 јули 1989 година.

Бр. 08-2740/1
19 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

# ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА НАМИРУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ОБВРСКИТЕ СОЗДАДЕНИ СО ИЗГРАДБАТА НА ПРОЕКТОТ „ФЕНИ“ — КАВАДАРЦИ

Член 1

Во Законот за обезбедување средства за намирување на дел од обврските создадени со изградбата на проектот „ФЕНИ“ — Кавадарци („Службен весник на СРМ“ број 3/85, 35/85, 44/85, 44/87, 48/87, 42/88, 51/88) во член 3 точките 1 и 2 се бришат.

Досегашните точки 3) и 4) стануваат точки 1) и 2).

Член 2

Во членот 4 зборовите: „на посебната републичка сметка од член 9 на овој закон“ се заменуваат со зборовите „во Републичкиот буџет“.

Член 3

Во членот 5 став 1 зборовите: „на дополнителниот данок од доход на организациите на здружениот труд и“ се бришат.

Член 4

Членот 9 се брише.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а одредбите од членовите 1 и 3 на овој закон ќе се применуваат од 1 јули 1989 година.

---

**504.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

# УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И НАСОЧУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Се прогласува Законот за изменување на Законот за обезбедување и насочување на средствата за поттикнување на развојот на земјоделството,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 19 јули 1989 година.

Бр. 08-2742/1
19 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

# ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И НАСОЧУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Член 1

Во Законот за обезбедување и насочување на средствата за поттикнување на развојот на земјоделството („Службен весник на СРМ“ број 37/83, 8/84, 17/84, 3/85, 35/85, 44/85, 13/86 и 11/87), членот 8 се менува и гласи:

„Средствата од член 2 на овој закон се уплатуваат во Републичкиот буџет.“

Член 2

Членот 9-а се менува и гласи:

„Извршниот совет на Собранието на СР Македонија може одделни организации на здружениот труд кои ќе се најдат во исклучителни економски тешкотии да ги ослободи, односно да им ги намали или да им го одложи плаќањето на обврските утврдени со овој закон.“

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“

---

**505.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

# УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПИС ВО СУДСКИОТ РЕГИСТАР НА ЗАДРУГИТЕ, САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ И ДРУГИТЕ СУБЈЕКТИ ОПРЕДЕЛЕНИ СО ЗАКОН

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за упис во судскиот регистар на задругите, самоуправните интересни заедници и другите субјекти определени со закон,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 19 јули 1989 година.

Бр. 08-2743/1
19 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

# ЗАКОН
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПИС ВО СУДСКИОТ РЕГИСТАР НА ЗАДРУГИТЕ, САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ И ДРУГИТЕ СУБЈЕКТИ ОПРЕДЕЛЕНИ СО ЗАКОН

Член 1

Во Законот за упис во судскиот регистар на задругите, самоуправните интересни заедници и другите субјекти определени со закон („Службен весник на СРМ“ број 27/78), по член 1 се додава нов член 1-а, кој гласи:

„Член 1-а

Во судскиот регистар се запишува дуќан по барање на работен човек, според постапка определена за упис на претпријатија.

Со уписот во судскиот регистар дуќанот стекнува својство на правно лице“.

Член 2

По член 28 се додава нова глава V-а и нов член 28-а, кои гласат:

„V-а. УПИС НА ДУЌАНИ

Член 28-а

Кон барањето за упис во судскиот регистар на дуќанот, работниот човек приложува докази за:

1) деловната способност;

2) стручната подготовка, доколку со закон е предвидена како услов за вршење на дејноста;

3) здравствената способност за вршење на соодветната дејност; и

4) деловната просторија дека ги исполнува условите пропишани за вршење на соодветната дејност,

доколку е определено дејноста да се врши во деловна просторија.“

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

**506.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА НАСОЧУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ПРИХОДИТЕ ОД ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА СТОПАНСТВОТО

Се прогласува Законот за престанување на важењето на Законот за насочување на дел од приходите од данокот на промет за потребите на стопанството,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 19 јули 1989 година.

Бр. 08-2737/1
19 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански**, с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА НАСОЧУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ПРИХОДИТЕ ОД ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА СТОПАНСТВОТО

Член 1

Законот за насочување на дел од приходите од данокот на промет за потребите на стопанството („Службен весник на СРМ“ број 10/88, 20/88 и 18/89) престанува да важи.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија.

**507.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА ДОГОВОРНИ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

Се прогласува Законот за престанување на важењето на Законот за договорни организации на здружен труд,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 19 јули 1989 година.

Бр. 08-2741/1
19 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански**, с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА ДОГОВОРНИ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

Член 1

Законот за договорни организации на здружен труд („Службен весник на СРМ“ број 25/79, 42/85 и 28/88), престанува да важи.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

**508.**

Врз основа на член 443 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 19 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА АМАНДМАНОТ LVI НА УСТАВОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Амандманот LVI на Уставот на Социјалистичка Република Македонија,

што го усвои Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничката седница на сите собори, одржана на 19 јули 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2731
19 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

## АМАНДМАН
## НА УСТАВОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Овој амандман е составен дел на Уставот на Социјалистичка Република Македонија и влегува во сила со денот на неговото прогласување.

АМАНДМАН LVI

1. Социјалистичка Република Македонија е национална држава на македонскиот народ, заснована врз сувереноста на народот и врз власта и самоуправувањето на работничката класа и на сите работни луѓе, и социјалистичка самоуправна демократска заедница на работните луѓе и граѓаните, на македонскиот народ и на рамноправните со него припадници на другите народи и на народностите кои живеат во неа.

2. Со овој амандман се бришат зборовите: „и држава на албанската и турската народност во неа“ во алинеја 2 на став 1 на преамбулата; се заменува став 1 на член 1; се укинува член 2; се додаваат зборовите: „припадниците на другите народи“ во членовите 3 и 4 од Уставот на СРМ.

**509.**

Врз основа на член 447 став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 19 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА УСТАВНИОТ ЗАКОН ЗА ИЗМЕНИ НА УСТАВНИОТ ЗАКОН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АМАНДМАНИТЕ ОД IX ДО XLVII НА УСТАВОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Се дава согласност на Уставниот закон за измени на Уставниот закон за спроведување на

амандманите од IX до XLVII на Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, усвоен на седницата на Сојузниот собор на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, одржана на 14 и 15 јуни 1989 година.

2. Оваа одлука влегува во сила веднаш, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2729
19 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**510.**

Врз основа на член 23, а во врска со член 44 од Законот за судовите за прекршоци („Службен весник на СРМ" број 6/85 и 11/87), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 19 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИЧКИОТ СУД ЗА ПРЕКРШОЦИ

За претседател на Републичкиот суд за прекршоци се избира м-р Симеон Малинков, претседател на Републичкиот суд за прекршоци.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2698/1
19 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**511.**

Врз основа на член 318 точка 25 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 19 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ НА МАКЕДОНИЈА

Се разрешува од должноста јавен обвинител на Македонија Јован Трпеновски, поради избор за член на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2695/1
19 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**512.**

Врз основа на член 42 од Законот за судовите на здружениот труд („Службен весник на СРМ" број 40/75, 6/81, 46/82 и 11/87), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничката седница на сите собори, одржана на 19 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОСТОЈАН СУДИЈА НА ОСНОВНИОТ СУД НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД — СКОПЈЕ

1. Се разрешува од должноста постојан судија на Основниот суд на здружениот труд — Скопје Јордан Ристевски, поради исполнување услови за старосна пензија.

2. Разрешувањето се врши заклучно со 24 јуни 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2697/1
19 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**513.**

Врз основа на член 78 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ" број 10/76, 30/77, 36/77, 9/78, 27/78, 46/82, 11/87 и 24/88), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 19 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА ОКРУЖНИОТ СУД ВО БИТОЛА

За судија на Окружниот суд во Битола се избира Михаило Симоновски, судија на Окружниот суд во Битола.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2700/1
19 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**514.**

Врз основа на член 73 став 2 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ" број 10/76, 30/77, 36/77, 9/78, 27/78, 46/82, 11/87 и 24/88), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 19 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА СТОПАНСКИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА

За судија на Стопанскиот суд на Македонија се избира

Благородна Дулиќ, судија на Стопанскиот суд на Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2699/1
19 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**515.**

Врз основа на амандман IV од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, а во врска со член 98 став 2 од Законот за работните односи („Службен весник на СРМ" број 45/77, 3/83 и 46/86), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 19 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се разрешува од функцијата член на Претседателството на Социјалистичка Република Македонија Феми Муча, по лично барање, поради исполнување услови за пензија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2694/1
19 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**516.**

Врз основа на член 3 од Законот за контрола на Службата за државна безбедност („Службен весник на СРМ" број 26/89), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 19 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА КОНТРОЛА НАД РАБОТАТА НА СЛУЖБАТА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ

За претседател и членови на Комисијата за контрола над работата на Службата за државна безбедност се именуваат:

а) за претседател:

д-р Александар Донев, делегат во Општественополитичкиот собор на Собранието на СРМ;

б) за членови:

Ристо Дамјановски, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ,

Небојша Јанкуловски, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ,

Живко Стефановски, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ,

Афрдита Мимидиновска, делегат во Општественополитичкиот собор на Собранието на СРМ,

Иван Бундалевски, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ, и

Бошко Андоновски, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2693/1
19 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

---

**517.**

Врз основа на член 42 од Законот за судовите на здружениот труд („Службен весник на СРМ" број 41/75, 6/81, 46/82 и 11/87), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 19 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПОСТОЈАНИ СУДИИ НА ОСНОВНИОТ СУД НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД СКОПЈЕ — ОДДЕЛЕНИЕ ВО ТИТОВ ВЕЛЕС

За постојани судии на Основниот суд на здружениот труд — Скопје — Одделение во Титов Велес, се избираат

м-р Бојан Чадиев, раководител на Општата служба во ООЗТ „Жито Вардар" — Титов Велес, и

Тодор Пљаков, шеф на Секторот за правни, кадрови и општи работи во РО Фабрика за производство на порцелан и керамички плочки „Борис Кидрич" — Титов Велес.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2702/1
19 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**518.**

Врз основа на член 35 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на СРМ" број 10/76, 30/77, 6/81, 46/82 и 11/87), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 19 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК ОКРУЖЕН ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ ВО БИТОЛА

За заменик окружен јавен обвинител во Битола се именува Доне Петличковски, заменик окружен јавен обвинител во Битола.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2701/1
19 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

---

**519.**

Врз основа на член 178 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" број 45/80), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 19 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА РЕПУБЛИЧКИ СОВЕТНИК ВО СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

1. Се разрешува од должноста републички советник во Собранието на СР Македонија д-р Видое Стевановски поради исполнување услови за пензија.

2. Разрешувањето се врши заклучно со 3 јули 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2696/1
19 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

---

**520.**

Врз основа на член 58 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ" број 9/78), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 19 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА СОВЕТОТ НА СПЕЦИЈАЛНИОТ ЗАВОД ВО ДЕМИР КАПИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ЗАВОДОТ

Се дава согласност на Одлуката на Советот на Специјалниот завод — Демир Капија, со која за директор на Заводот е именуван Живко Ангелески, дипломиран дефектолог, досегашен директор на Специјалниот завод — Демир Капија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-2692/1
19 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**521.**

Врз основа на член 257 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85, 29/86 и 7/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 19 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗА ИЗБОР НА ДЕКАН НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

За членови на Конкурсната комисија за изготвување предлог за избор на декан на Филозофскиот факултет во Скопје се именуваат:

Лазар Крстевски, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ, и

Домница Минчева, самостоен советник во Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-2690/1
19 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**522.**

Врз основа на член 3 став 3 и член 8 став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за избор на органите на управување и на другите органи во ООЗТ („Службен весник на СРМ“ број 48/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 19 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА „ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВО НА МАКЕДОНИЈА“

За членови на Конкурсната комисија за именување директор на „Електростопанство на Македонија“ се именуваат:

Максим Ангеловски, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ, и

Сокол Симовски, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-2689/1
19 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**523.**

Врз основа на член 3 од Законот за енергетика („Службен весник на СРМ“ број 41/87 и 42/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 19 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА РАБОТНИЧКИОТ СОВЕТ НА ООЗТ ХЕЦ „ШПИЉЕ“ — ДЕБАР ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

Се дава согласност на Одлуката на Работничкиот совет на ООЗТ „Шпиље“, со која за директор на организацијата е именуван Деспот Казанџиовски, дипломиран електроинженер, досегашен директор на ООЗТ „Шпиље“ — Дебар.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-2691/1
19 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**524.**

Врз основа на член 257 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85, 29/86 и 7/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 19 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

За членови на Конкурсната комисија за изготвување предлог за избор на директор на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија при Универзитетот „Кирил и Методиј“ во Скопје се именуваат:

дипл. елект. инж. Цветко Милошевски, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, вработен во ХЕЦ „Тито“ — Гостивар, и

Александар Балабановски, секретар во Стручните служби на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-2716/1
19 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**525.**

Врз основа на член 122 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ број 18/83, 4/87 и 4/89), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд одржана на 19 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ СО ОДЛУКАТА ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ОД ЛИЧНИОТ ДОХОД ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ ОД 1 ЈУЛИ 1989 ГОДИНА

Собранието на Социјалистичка Република Македонија е согласно со Одлуката за стапката на придонесот од личниот доход за пензиското и инвалидското осигурување од 1 јули 1989 година, што ја донесе Собранието на Самоуправната интересна заедница за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија на седницата одржана на 29 јуни 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-2751/1
19 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**526.**

Врз основа на член 122 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ број 18/83, 4/87 и 4/89), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 19 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ СО ОДЛУКАТА ЗА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ ОД ДОХОДОТ ЗА СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕ ШТО СЕ СМЕТА СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ ОД 1 ЈУЛИ 1989 ГОДИНА

Собранието на Социјалистичка Република Македонија е согласно со Одлуката за стапките на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување од доходот за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење од 1 јули 1989 година, што ја донесе Собранието на Самоуправната интересна заедница за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 29 јуни 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-2744/1
20 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**527.**

Врз основа на член 27-а од Законот за самоуправните интересни заедници на културата („Службен весник на СРМ“ број 5/74, 16/74, 9/78, 43/78, 41/81 и 25/84), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 19 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА ЗА 1989 ГОДИНА

Собранието на Социјалистичка Република Македонија е согласно со Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината и начинот на обезбедување на средствата на Републичката заедница на културата за 1989 година, што ја донесе Собранието на Републичката заедница на културата, на седницата одржана на 7 јули 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-2745/1
19 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**528.**

Врз основа на член 51 став 1 од Законот за научно-истражувачката дејност („Службен весник на СРМ“ број 16/85), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 19 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЧИНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ЗАДОВОЛУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ПОТРЕБИ ВО НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ

Собранието на Социјалистичка Република Македонија е согласно со Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на начинот на обезбедување на средства за задоволување на заедничките потреби во научно-истражувачката дејност, што ја донесе Собранието на Републичката заедница за научно-истражувачката дејност, на седницата одржана на 29 јуни 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-2746/1
19 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**529.**

Врз основа на член 200 став 1 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85, 29/86, 7/88 и 29/89), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 19 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ОДЛУКАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ШТО ЈА ДОНЕСЕ СОБРАНИЕТО НА САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА НАСОЧЕНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО, ШУМАРСТВОТО, ДРВНАТА ИНДУСТРИЈА И ИНДУСТРИЈАТА ЗА ТУТУН И ПРЕХРАНБЕНАТА ИНДУСТРИЈА

Собранието на Социјалистичка Република Македонија е согласно со Одлуката за дополнување на Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование, што ја донесе Собранието на Самоуправната интересна заедница на насоченото образование во земјоделството, шумарството, дрвната индустрија, индустријата за тутун и прехранбената индустрија, на седницата одржана на 12 јули 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-2747/1
19 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**530.**

Врз основа на член 200 став 1 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85, 29/86, 7/88 и 29/89), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд одржана на 19 јули 1989 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ОДЛУКАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ШТО ЈА ДОНЕСЕ СОБРАНИЕТО НА САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ЕЛЕКТРОЕНЕРГИЈА, ЕЛЕКТРОИНДУСТРИЈА, МЕТАЛНА И ГРАФИЧКА ИНДУСТРИЈА И СООБРАЌАЈ И ВРСКИ**

Собранието на Социјалистичка Република Македонија е согласно со Одлуката за дополнување на Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование што ја донесе Собранието на самоуправната интересна заедница на насоченото образование во електроенергија, електроиндустрија, метална и графичка индустрија и сообраќај и врски на седницата одржана на 12 јули 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-2748/1
19 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**531.**

Врз основа на член 200 став 1 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85, 29/86, 7/88 и 29/89), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд одржана на 19 јули 1989 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ОДЛУКАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ШТО ЈА ДОНЕСЕ СОБРАНИЕТО НА САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РУДАРСТВО, МЕТАЛУРГИЈА, ГРАДЕЖНИШТВО И ГРАДЕЖНА ИНДУСТРИЈА, ХЕМИСКА И ТЕКСТИЛНА ИНДУСТРИЈА И ИНДУСТРИЈА ЗА ЧЕВЛИ, КОЖА И ГУМА**

Собранието на Социјалистичка Република Македонија е согласно со Одлуката за дополнување на Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование што ја донесе Собранието на Самоуправната интересна заедница за насоченото образование во рударство, металургија, градежништво и градежна индустрија, хемиска и текстилна индустрија и индустрија за чевли, кожа и гума на седницата одржана на 12 јули 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-2749/1
19 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**532.**

Врз основа на член 200 став 1 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85, 29/86, 7/88 и 29/89), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд одржана на 19 јули 1989 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ОДЛУКАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ШТО ЈА ДОНЕСЕ СОБРАНИЕТО НА САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ОПШТЕСТВЕНИ И УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ**

Собранието на Социјалистичка Република Македонија е согласно со Одлуката за дополнување на Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование што ја донесе Собранието на самоуправната интересна заедница за насоченото образование во општествени и услужни дејности на седницата одржана на 12 јули 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-2750/1
19 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**533.**

Врз основа на член 4 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1989 година („Службен весник на СРМ", број 50/88), а во врска со член 53, став 1, точка 1 од Законот за системот на финансирањето на општините и Републиката („Службен весник на СРМ", бр. 44/77, 37/83, 42/85, 50/87, 10/88, 20/88, 28/88, 51/88 и 18/89), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ПОСТОЈАНАТА РЕЗЕРВА НА СР МАКЕДОНИЈА**

1. Од средствата на Постојаната резерва на СР Македонија се дава позајмица на општина Берово во износ од 350.000.000 динари.

2. Позајмицата од точка 1 на оваа одлука општината ќе ја врати најдоцна до 30 септември 1989 година.

3. За користењето и враќањето на средствата ќе се склучи договор помеѓу Општината и Републичкиот секретаријат за финансии.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-1627/3
20 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**534.**

Врз основа на член 4 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1989 година („Службен весник на СРМ", бр. 50/88), а во врска со член 53, став 1, точка 1 од Законот за системот на финансирањето на општините и Републиката („Службен весник на СРМ", бр. 44/77, 37/83, 42/85, 50/87, 10/88, 20/88, 28/88, 51/88 и 48/89), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ПОСТОЈАНАТА РЕЗЕРВА НА СР МАКЕДОНИЈА**

1. Од средствата на Постојаната резерва на СР Македонија се дава позајмица на општината Ресен, во износ од 1.100.000.000 динари.

2. Позајмицата од точка 1 на оваа одлука општината ќе ја врати најдоцна до 30 септември 1989 година.

3. За користењето и враќањето на средствата ќе се склучи договор помеѓу Општината и Републичкиот секретаријат за финансии.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-1627/4
20 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски**, с. р.

**535.**

Врз основа на член 4 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1989 година („Службен весник на СРМ", број 50/88), а во врска со член 53, став 1, точка 1 од Законот за системот на финансирањето на општините и Републиката („Службен весник на СРМ", бр. 44/77, 37/83, 42/85, 50/87, 10/88, 20/88, 28/88, 51/88 и 18/89), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
## ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ПОСТОЈАНАТА РЕЗЕРВА НА СР МАКЕДОНИЈА

1. Од средствата на Постојаната резерва на СР Македонија се дава позајмица на општина Крушево, во износ од 560.000.000 динари

2. Позајмицата од точка 1 на оваа одлука општината ќе ја врати најдоцна до 30 септември 1989 година.

3. За користењето и враќањето на средствата ќе се склучи договор помеѓу Општината и Републичкиот секретаријат за финансии.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-1627/2
20 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски**, с. р.

**536.**

Врз основа на член 10, став 1 од Законот за адвокатурата и другите видови на правна помош („Службен весник на СРМ" бр. 6/72 и 13/78) и член 114, став 2 од Деловникот на Извршниот совет на Собранието на СРМ („Службен весник на СРМ" бр. 28/86), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, на седницата одржана на 14 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА СТАВКИТЕ ЗА НАГРАДАТА ЗА ДАДЕНА ПРАВНА ПОМОШ ОД СТРАНА НА АДВОКАТИТЕ ПРЕДВИДЕНИ ВО ТАРИФАТА ЗА НАГРАДАТА И НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА РАБОТА НА АДВОКАТИТЕ, КОЈА СТАПИ ВО СИЛА НА 8. V. 1989 ГОДИНА

1. Се дава согласност на Одлуката за зголемување на ставките за наградата за дадена правна помош од страна на адвокатите предвидени со Тарифата за наградата и надоместокот на трошоците за работа на адвокатите, која влезе во сила на 8. V. 1989 година, за 200%, донесена на седницата на Претседателството на Адвокатската комора на Македонија, одржана на 4. VI. 1989 година.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-1449/1
14 јули 1989 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
инж. **Васил Влашки**, с. р.

**537.**

Врз основа на член 84 став 4 од Законот за Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ" број 43/81 и 20/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ВИШИ СОВЕТНИК ВО ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

1. Се разрешува од должноста виши советник во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија Петар Чокревски, поради исполнување на условите за пензија, заклучно со 31. VIII. 1989 година, кога му престанува работниот однос.

2. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-1565/1
8 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски**, с. р.

**538.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80 и 28/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОМОШНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ОПШТОСТОПАНСКИ РАБОТИ, МАЛО СТОПАНСТВО, ТУРИЗАМ И ПАЗАР

1. Се разрешува од должноста помошник на републичкиот секретар за општостопански работи, мало стопанство, туризам и пазар Владимир Шелев, поради исполнување на условите за пензија, заклучно со 10. VIII. 1989 година, кога му престанува работниот однос.

2. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-1566/1
8 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски**, с. р.

**539.**

Врз основа на член 173 став 3 и член 176 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80 и 28/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ПОВТОРНО НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА ОПШТЕСТВЕНО ПЛАНИРАЊЕ

За советник на директорот на Републичкиот завод за општествено планирање се назначува Лилјана Варга, досегашен советник на директорот на Заводот.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-1133/3
29 јуни 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски**, с. р.

**540.**

Врз основа на член 173 став 3 и член 176 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80 и 28/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ПОВТОРНО НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА ОПШТЕСТВЕНО ПЛАНИРАЊЕ

За советник на директорот на Републичкиот завод за општествено планирање се назначува Пада Јовчевска, досегашен советник на директорот на Заводот.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-1133/4
29 јуни 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски**, с. р.

АДВОКАТСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**541.**

Врз основа на член 10 став 1 од Законот за адвокатурата и другите видови на правна помош („Службен весник на СРМ“ бр. 6/72 и 13/78) и член 23 од Статутот на АКМ, Адвокатската комора на Македонија на своето XXXVI редовно годишно собрание одржано на 12 декември 1987 година, XXXVII редовно годишно собрание одржано на 10 декември 1988 година и на второто вонредно годишно собрание одржано на 6 јуни 1989 година, донесе

## ТАРИФА
## ЗА НАГРАДАТА И НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА РАБОТАТА НА АДВОКАТИТЕ

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа тарифа се одредува висината на наградата и трошоците за дадената правна помош.

Член 2

Плаќањето на наградата и трошоците се врши во пари, а се пресметува во динари.

Член 3

Со физичките и правните лица на кои адвокатот им дава постојана правна помош може, со писмен договор, да ја договори наградата во месечни износи, делумно или во целост.

Член 4

Во предметите во кои едната од странките е странско физичко или правно лице, во предметите во кои има прилози на странски јазик, во предметите во кои странката живее во странство и во предметите во кои се контактира на странски јазик, наградата е двојно поголема.

Член 5

Со странски физички и правни лица адвокатот може да договори примена на тарифата на земјата каде живее физичкото лице односно тарифата на земјата каде што се наоѓа седиштето на правното лице.

Член 6

Адвокатот и странката може со писмен договор да договорат зголемена награда, но не повеќе од пет пати од предвидената со оваа тарифа.

Член 7

Ако во текот на постапката по предметот се изменила тарифата еднаш или повеќе пати ќе се примени тарифата што била во правна сила на денот на пресудувањето односно на денот на одлучувањето за надомест на наградата и трошоците.

Неисплатената награда и трошоци секогаш странката ги плаќа на адвокатот по тарифата што била во правна сила на денот на плаќањето.

Член 8

Еден дел од наградата и трошоците може да ги исплати странката на адвокатот однапред како аконтација. Ако странката го откаже полномошното на адвокатот без причина, должна е да му исплати од аконтацијата за едно дејствие што требало да го преземе адвокатот.

### НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ

Член 9

За извршување на правната работа странката е должна на адвокатот да му ги надомести трошоците:

1. за превоз — до висината на цената на патниот билет за превозното средство што го користел адвокатот. Ако адвокатот користел сопствено возило ќе му биде надоместено за секој изминат километар 30% од цената на најскапиот бензин;
2. за ноќевање — до висина на трошоците за ноќевањето;
3. на име дневница ќе му бидат исплатени трошоци во висината на дневницата на судија на окружен суд. Ако адвокатот патува за правно лице ќе му биде исплатена дневница според актот на правното лице доколку таа е поповолна.

За отсуство од канцеларијата ќе му бидат надоместени трошоци за секој започнат час 20% од наградата за дејствието за кое патува, но не повеќе од 5 часа.

Член 10

За наградата и за трошоците што ги примил, адвокатот е должен да издаде потврда на странката, а по завршувањето на правната работа, по барање на странката, должен е да издаде трошковник за сите преземени дејствија и за сите сторени трошоци.

Член 11

На странката која што по позитивните прописи може да биде ослободена од плаќање на трошоци, адвокатот е должен да ѝ даде бесплатна правна помош.

### НАГРАДА ЗА ДАДЕНАТА ПРАВНА ПОМОШ

Член 12

**I. Награда за пишување на писмени состави**

1. За пишување на писмени состави со кои се поведува постапка, за пишување на образложени поднесоци, за пишување на одговор на писмени составени и за пишување на договори, наградата изнесува 120.000 динари.

Ако вредноста на барањето во писмениот состав е:

— од 1.000.000 динари до 5.000.000 динари наградата изнесува 180.000 динари;

— од 5.000.000 дин до 10.000.000 динари наградата изнесува 240.000 динари;

— над 10.000.000 динари наградата изнесува 300.000 динари.

2. За пишување на тужби со предлог за издавање на платен налог и за предлог за извршување, наградата изнесува 50% од претходната точка.

3. За пишување на тужба за издршка, за пишување на необразложени поднесоци, за пишување на изјави, молби, полномошна, опомена и други слични писмени составени, наградата изнесува 60.000 динари.

4. За пишување на писмени составени со кои се поведува постапка пред уставните судови, за пишување на писмени составени со кои се поведува постапка за упис во судски регистар на организацијата, за измена на регистрацијата и за проширување на дејноста, наградата изнесува 300.000 динари,

5. За состав и пишување на нормативни акти наградата се договара со писмен договор.

6. За писмени договори во кои што, покрај главното барање, се предлага времена мерка или предлог за обезбедување на докази, наградата се зголемува 20%.

7. Во предметите во кои има тужба и противтужба, наградата се определува според збирот на двете барања.

8. За секој писмен состав, наградата се зголемува 30% за второто и наредно лице, а за второто и наредните лица од спротивната страна, наградата се зголемува 15%, но не повеќе од петпати од предвидениот износ од оваа тарифа.

**II. Награда за застапување**

1. За застапување, наградата изнесува како за пишување на соодветниот писмен состав на истото дејствие предвидено во точки 1, 3, 4, 5, 6, 7 и 8.

2. За присуство на вештачење, за заверка на договори, за присуство на состаноци, за увид на лице место, за разгледување и проучување на списи надвор од канцеларијата на адвокатот и за увид на лице место по барање на странката, наградата изнесува како за застапување на соодветното дејствие.

3. За застапување наградата се зголемува со часовнина за секој започнат час 20% од соодветната награда.

**III. Награда за одбрана**

1. За одбрана на претрес и јавна седница, наградата изнесува за кривичните дела за кои е предвидена казна:

— до 3 години затвор — 120.000 динари,
— до 5 години затвор — 180.000 динари,
— до 10 години затвор — 240.000 динари,
— над 10 години затвор или смртна казна — 300.000 динари.

2. За одбрана за стопански престапи наградата изнесува 150.000 динари.

3. За одбрана во претходна судска постапка наградата изнесува 50% од соодветната награда предвидена во точка 1 доколку се изведуваат докази како за одбрана.

4. За одбрана во постапка за прекршоци, за одбрана во дисциплинска постапка и други слични постапки, наградата изнесува 120 000 динари.

5. За посета на клиент лишен од слобода, за проучување и разгледување на списи надвор од канцеларијата, за присуство на увид на лице место, за присуство на вештачење и за присуство на увид на лице место по барање на странката и слични дејствија, наградата изнесува 50% од соодветната награда предвидена во точка 1.

6. Ако адвокатот брани повеќе лица, наградата се зголемува 50% за второто и наредните лица, а ако има сообвинети, наградата се зголемува за секое лице 25%, но не повеќе од двократниот износ предвиден со оваа тарифа за соодветното дејствие.

7. За одбрана наградата се зголемува со часовнина за секој започнат час во висина од 20% од соодветната награда.

**IV. Награда за состав на правни лекови**

1. За пишување редовни и вонредни правни лекови, наградата се зголемува 50% од предвидената награда за застапување односно одбрана, а ако адвокатот не учествувал во расправата односно претресот, наградата се зголемува 100%.

2. За пишување редовен правен лек против решение и приговор на обвинителен акт, наградата изнесува 50% од соодветната награда за застапување односно од соодветната награда за одбрана.

**V. Награда за правни совети**

1. За усни правни совети, наградата изнесува 30.000 динари и часовнина од 20% за секој започнат час.

2. За писмени совети, наградата изнесува 60.000 динари и часовнина од 20% за секој започнат час.

**VI. Заеднички одредби**

1. Наградата предвидена по одредбите на оваа тарифа се зголемува со 30% на име паушал за сите споредни дејствија што не се тарифирани.

2. Сите дејствија што не се предвидени со оваа тарифа се тарифираат според најсродното дејствие од оваа тарифа.

ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

Член 13

Толкување на тарифата дава Претседателството на АКМ.

Член 14

Оваа тарифа влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

В. д. претседател на Претседателството на Адвокатската комора на Македонија,
**Никола Кајчевски,** с. р.

ИСПРАВКА
на Измените на Републичкиот буџет за 1989 година

Во точка 38. Раздел 65 — Други обврски на Републиката, после позиција „578 конто 433 — Регреси на камати по селективната програма износот „37.000 000.000" се заменува со износот „22.100.000.000" се додава „позиција 581, конто 433 — учество на Републиката за обезбедување на вода за пиење на населението, износот „4.000.000.000" се заменува со износот „6.000.000.000".

Од Законодавно-правната комисија на Собранието на СР Македонија

## ОПШТЕСТВЕНИ ДОГОВОРИ И САМОУПРАВНИ СПОГОДБИ

**249.**

### ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР
### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА, КРИТЕРИУМИ, ПОСТАПКА И НАЧИН НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК НА ОДРЕДЕНИ КАТЕГОРИИ НА ГРАЃАНИ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Во Општествениот договор за обезбедување средства, критериуми, постапка и начин на остварување на паричен надоместок на одредени категории на граѓани за 1989 година („Службен весник на СРМ" бр. 10/89), во член 2 по алинеја 3 се додаваат две нови алинеи:

„— корисниците на кои им престанал паричниот надоместок односно паричната помош, а се пријавуваат во СИЗ-от за вработување;

— семејството во кое нема вработен ниту еден член, нема приходи, а најмалку еден член се пријавува како невработен".

Член 2

Во член 3 став 1 процентот „30%" се заменува со „40%", а зборовите „кумулативно во Републиката во претходниот период" се заменуваат со зборовите „во претходниот квартал во Републиката".

Во став 2 точката на крајот се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „при што во пресметките се земаат најмногу пет члена во семејството“.

Став 3 се брише.

Член 3

Во член 5, став 2 зборовите „на секои три месеци“ се заменуваат со зборовите: „месечно“.

Член 4

Во член 6 алинеја 3 по зборот „невработеност“ се додаваат зборовите „корисниците на кои им престанал паричниот надоместок односно паричната помош, а се пријавуваат во СИЗ-от за вработување како и семејството во кое нема вработен ниту еден член нема приходи, а најмалку еден член се пријавува како невработен.“

Член 5

Во член 7 став 3 зборовите: „со денот на поднесувањето на барањето“ се заменуваат со зборовите: „од почетокот на месецот во кој е поднесено барањето“.

Член 6

Во член 10 став 2 алинеја 2 процентот 20% се заменува со процентот 10%, а во алинеја 3 процентот 60% се заменува со процентот 70%“.

Член 7

Општествениот договор се смета за склучен кога ќе го потпишат овластените претставници на сите учесници на договорот.

Член 8

Овој Договор ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 август 1989 година.

Учесници во Општествениот договор:

1. Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, 2. Стопанската комора на Македонија, 3. Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија, 4. Извршниот совет на Собранието на општината „Гази Баба“ — Скопје, 5. Извршниот совет на Собранието на општината „Карпош“ — Скопје, 6. Извршниот совет на Собранието на општина „Кисела Вода“ — Скопје, 7. Извршниот совет на Собранието на општината „Центар“ — Скопје, 8. Извршниот совет на Собранието на општината „Чаир“ — Скопје, 9. Извршниот совет на Собранието на општината Берово, 10. Извршниот совет на Собранието на општината Битола, 11. Извршниот совет на Собранието на општината Брод Македонски, 12. Извршниот совет на Собранието на општината Валандово, 13. Извршниот совет на Собранието на општината Виница, 14. Извршниот совет на Собранието на општината Гевгелија, 15. Извршниот совет на Собранието на општината Гостивар, 16. Извршниот совет на Собранието на општината Дебар, 17. Извршниот совет на Собранието на општината Делчево, 18. Извршниот совет на Собранието на општината Демир Хисар, 19. Извршниот совет на Собранието на општината Кавадарци, 20. Извршниот совет на Собранието на општината Кичево, 21. Извршниот совет на Собранието на општината Кочани, 22. Извршниот совет на Собранието на општината Кратово, 23. Извршниот совет на Собранието на општината Крива Паланка, 24. Извршниот совет на Собранието на општината Крушево, 25. Извршниот совет на Собранието на општината Куманово, 26. Извршниот совет на Собранието на општината Неготино, 27. Извршниот совет на Собранието на општината Охрид, 28. Извршниот совет на Собранието на општината Прилеп, 29. Извршниот совет на Собранието на општината Пробиштип, 30. Извршниот совет на Собранието на општината Радовиш, 31. Извршниот совет на Собранието на општината Ресен, 32. Извршниот совет на Собранието на општината Свети Николе, 33. Извршниот совет на Собранието на општината Струга, 34. Извршниот совет на Собранието на општината Струмица, 35. Извршниот совет на Собранието на општината Тетово, 36. Извршниот совет на Собранието на општината Титов Велес, 37. Извршниот совет на Собранието на општината Штип, 38. Републичката самоуправна интересна заедница за вработување, 39. Републичката самоуправна интересна заедница за пензиско и инвалидско осигурување, 40. Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита.

## ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**250.**

Врз основа на член 122 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 18/83, 4/87 и 4/89), и член 142 точка 4 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 3/84, 33/86 и 22/89), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 29 јуни 1989 година, донесе

### ОДЛУКА

**ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ОД ЛИЧНИОТ ДОХОД ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ ОД 1 ЈУЛИ 1989 ГОДИНА**

Член 1

Стапката на придонесот од личниот доход за пензиското и инвалидското осигурување од 1 јули 1989 година се утврдува на 16,50 насто.

Член 2

Како основица за пресметување и плаќање на придонесот од личниот доход за пензиското и инвалидското осигурување се зема остварениот личен доход на работниците во организациите на здружениот труд и во другите самоуправни организации и заедници.

Член 3

За осигурениците за кои се утврдува само чист личен доход, придонесот за пензиското и инвалидското осигурување се пресметува и плаќа од чистиот личен доход со примена на пресметана стапка за чист личен доход врз основа на збирот на републичките и општинските стапки на придонесите од личниот доход.

Член 4

Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ по дадената согласност од Собранието на СР Македонија, а ќе се применува од 1 јули 1989 година.

Бр. 15-1921

5 јули 1989 година
Скопје

Претседател,
**Олгица Богатиновска,** с. р.

**251.**

Врз основа на член 122 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 18/83, 4/87 и 4/89) и член 142 точка 4 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 3/84, 33/86 и 22/89), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 29 јуни 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ ОД ДОХОДОТ ЗА СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕ ШТО СЕ СМЕТА СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ ОД 1 ЈУЛИ 1989 ГОДИНА

Член 1

Придонесот за пензиското и инвалидското осигурување од доходот за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење од 1 јули 1989 година се утврдува по стапка од:

а) 8,25 насто за вршење на работи и работни задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 18 месеци,

б) 5,50 насто за вршење на работи и работни задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеци;

в) 4,12 насто за вршење на работи и работни задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци;

г) 2,75 насто за вршење на работи и работни задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци;

д) 1,37 насто за вршење на работи и работни задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 13 месеци.

Член 2

Придонесот за пензиско и инвалидско осигурување за стажот што се смета со зголемено траење се пресметува од личниот доход на вработените на кои стажот на осигурувањето се смета со зголемено траење и го плаќаат организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници од својот доход.

Член 3

Уплатата на придонесот од доходот по стапките од член 1 на оваа одлука од обврзниците се врши при поднесувањето на периодичните и завршната сметка.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СР Македонија“, а ќе се применува од 1 јули 1989 година.

Бр. 15-1922
5 јули 1989 година
Скопје

Претседател,
Олгица Богатиновска, с. р.

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА НАСОЧЕНО ОБРАЗОВАНИЕ

**252.**

Врз основа на член 200, став 1 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85, 29/86, 7/88 и 29/89), Собранието на Самоуправната интересна заедница на насоченото образование во рударство, металургија, градежништво и градежна индустрија, хемиска и текстилна индустрија и индустрија за чевли, кожа и гума, на седницата одржана на 12 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Во Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 24/85, 28/85, 37/85 и 21/89), членот 4 се менува и гласи:

„Основица за пресметување на придонесот од член 2 на оваа Одлука претставува остварениот доход, зголемен за искажаните износи во образецот „Биланс на успехот“ во делот деловни расходи и тоа: премии за осигурување, трошоци за камати и ревалоризација на динарски обврски, негативни курсни разлики, вкалкулирани резервирања на трошоците на финансирање на дејностите и вкалкулирани долгорочни резервирања на нематеријални трошоци.

Основица за пресметување на месечните аконтации на придонесот од доходот претставува основицата утврдена во ставот еден на овој член валоризирана со процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката или со процентот на пораст на просечниот чист личен доход по вработен, согласно член 17, став 2 од Законот за данокот од доход на организациите на здружениот труд“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 09-51/2
12 јули 1989 година
Скопје

Претседател,
проф. д-р Владан Златановиќ, с. р.

---

**253.**

Врз основа на член 200, став 1 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85, 29/36, 7/88 и 29/89), Собранието на Самоуправната интересна заедница на насоченото образование во електро-енергија, електро индустрија, метална и графичка индустрија и сообраќај и врски, на седницата одржана на 12 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Во Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 24/85, 28/85, 37/85 и 21/89), членот 4 се менува и гласи:

„Основица за пресметување на придонесот од член 2 на оваа Одлука претставува остварениот доход, зголемен за искажаните износи во образецот „Биланс на успехот“ во делот деловни расходи и тоа: премии за осигурување, трошоци за камати и ревалоризација на динарски обврски, негативни курсни разлики, вкалкулирани резервирања на трошоците на финансирање на дејностите и вкалкулирани долгорочни резервирања на нематеријални трошоци.

Основица за пресметување на месечните аконтации на придонесот од доходот претставува основицата утврдена во ставот еден на овој член валоризирана со процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката или со процентот на пораст на просечниот чист личен доход по вработен, согласно член 17, став 2 од Законот за данокот од доход на организациите на здружениот труд“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 10-76/2
12 јули 1989 година
Скопје

Претседател,
Душко Цветановски, с. р.

**254.**

Врз основа на член 200, став 1 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85, 29/86, 7/88 и 29/89), Собранието на Самоуправната интересна заедница на насоченото образование во земјоделство, шумарство, дрвна индустрија, индустрија на тутун и прехранбена индустрија, на седницата одржана на 12 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Во Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 24/85, 28/85, 37/85 и 21/89), членот 4 се менува и гласи:

„Основица за пресметување на придонесот од член 2 на оваа Одлука претставува остварениот доход, зголемен за искажаните износи во образецот „Биланс на успехот“ во делот деловни расходи и тоа: премии за осигурување, трошоци за камати и ревалоризација на динарски обврски, негативни курсни разлики, вкалкулирани резервирања на трошоците на финансирање на дејностите и вкалкулирани долгорочни резервирања на нематеријални трошоци.

Основица за пресметување на месечните аконтации на придонесот од доходот претставува основицата утврдена во ставот еден на овој член валоризирана со процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката или со процентот на пораст на просечниот чист личен доход по вработен, согласно член 17, став 2 од Законот за данокот од доход на организациите на здружениот труд“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 11-40/2
12 јули 1989 година
Скопје

Претседател,
д-р Ефтим Анчев, с. р.

**255.**

Врз основа на член 200, став 1 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85, 29/86, 7/88 и 29/89), Собранието на Самоуправната интересна заедница на насоченото образование во општествени и услужни дејности на седницата одржана на 12 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Во Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование бр 17-376/2 („Службен весник на СРМ“ бр. 24/85, 28/85, 37/85 и 21/89) членот 5 се менува и гласи:

„Основица за пресметување на придонесот од член 2 на оваа Одлука претставува остварениот доход, зголемен за искажаните износи во образецот „Биланс на успехот“ во делот деловни расходи и тоа: премии за осигурување, трошоци за камати и ревалоризација на динарски обврски, негативни курсни разлики, вкалкулирани резервирања на трошоците на финансирање на дејностите и вкалкулирани долгорочни резервирања на нематеријални трошоци.

Основица за пресметување на месечните аконтации на придонесот од доходот претставува основицата утврдена во ставот еден од овој член валоризирана со процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката или со процентот на пораст на просечниот чист личен доход по вработен, согласно член 17, став 2 од Законот за данокот од доход на организациите на здружениот труд, а основица за пресметување на придонесот од член 3 на оваа Одлука претставува бруто личниот доход.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 12 112/2
12 јули 1989 година
Скопје

Претседател,
д-р Станоил Станоевски, с. р.

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРА

**256.**

Врз основа на член 27-а од Законот за самоуправните интересни заедници на културата („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74, 16/74, 9/78, 43/78, 41/81 и 25/84), Собранието на Републичката заедница на културата, на седницата одржана на 5 јуни 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО НА СРЕДСТВАТА НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат висината и начинот на обезбедувањето на средствата на Републичката заедница на културата за задоволување на договорените заеднички потреби во областа на културата од општ интерес за Републиката.

Член 2

Средствата на Републичката заедница на културата за задоволување на договорените заеднички потреби во областа на културата од општ интерес за Републиката се обезбедуваат од придонес од доходот на основните организации на здружен труд и од придонес од личен доход од работен однос.

Член 3

Обврзници на придонесот од доходот се основните организации на здружен труд од стопанството распоредени со Одлуката за утврдување на стопанските и вонстопанските дејности („Службен лист на СФРЈ“ број 14/77 и 18/80) во областа на дејностите од 01 до 11.

Обврзници на придонесот од личен доход се работниците кои остваруваат личен доход од работен однос од нестопанството распоредени со Одлуката за утврдување на стопанските и вонстопанските дејности, во областа на дејностите од 12 до 14.

Член 4

Основица за пресметување на придонесот од доходот претставува остварениот доход.

Основица за пресметување на месечната аконтација на придонесот од доходот претставува остварениот доход валоризиран со процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката според член 17 став 2 од Законот за данокот од доход на организациите на здружен труд.

Член 5

Обврзниците од член 3 став 1 на оваа одлука придонесот од доходот го плаќаат по стапка од 0,40%.

Обврзниците од член 3 став 2 на оваа одлука придонесот од личен доход го плаќаат по стапка од 0,30%.

Член 6

Организациите на здружен труд од основното, средното насочено образование, ученичките и студентските домови и од социјалната заштита ќе плаќаат придонес од личен доход од работен однос во висина од 50% од утврдената стапка во член 5 на оваа Одлука, односно 0,15%.

Организациите од високото образование, општествената заштита на децата, организациите што вршат дејност и заштита на културните блага и од областа на сценско-музичките дејности ќе плаќаат придонес од личен доход од работен однос во висина од 70% од утврдената стапка во член 5 на оваа Одлука, односно 0,21%.

Член 7

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на стапките на придонесите на Републичката заедница на културата за 1989 година („Службен весник на СРМ" бр. 1/89).

Член 8

Во поглед на роковите и начинот на пресметувањето, уплатувањето, застареноста и присилната наплата на придонесот од доходот ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за данокот од доход на организациите на здружениот труд, а за придонесот од личен доход ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за данок на граѓаните.

Член 9

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 0804-813/1
27 јули 1989 година
Скопје

Претседател,
акад. **Крум Томовски,** с. р.

**257.**

Врз основа на член 27-а од Законот за самоуправните интересни заедници на културата („Службен весник на СРМ" бр. 5/74, 16/74, 9/78, 43/78, 41/81 и 25/84), Собранието на Републичката заедница на културата, на седницата одржана на 7 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО НА СРЕДСТВАТА НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за утврдување на висината и начинот на обезбедувањето на средствата на Републичката заедница на културата за 1989 година член 4 се менува и гласи:

„Основица за пресметување на придонесот од доходот претставува остварениот доход зголемен за искажаните износи во образецот Биланс на успехот во делот деловни расходи, и тоа: премии за осигурување, трошоци на камати и ревалоризација на динарските обврски, негативни курсни разлики, вкалкулирани долгорочни резервирања на нематеријални трошоци и вкалкулирани резервирања на трошоците на финансирање на дејностите.

Основица за пресметување на месечната аконтација на придонесот од доходот претставува основицата утврдена во став 1 на овој член валоризирана со процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката или со процентот на порастот на просечниот чист личен доход по вработен во организацијата според член 17, став 2 од Законот за данокот од доход на организациите на здружен труд.

Основица за пресметување на придонесот од личен доход претставува бруто личниот доход."

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 0804-7/39
7 јули 1989 година
Скопје

Претседател,
акад. **Крум Томовски,** с. р.

СИЗ ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА МАКЕДОНИЈА

**258.**

Врз основа на член 31 од Самоуправната спогодба за здружување во СИЗ за енергетика на Македонија, член 11 од Законот за енергетика, а по предлог на Тарифната комисија, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 15 јуни 1989 година, донесе

## ТАРИФЕН СИСТЕМ
## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ТАРИФНИОТ СИСТЕМ ЗА ПРОДАЖБА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Член 1

Во Тарифниот систем за продажба на електрична енергија („Службен весник на СРМ" бр. 45/82) по член 15 се додава нов член 15-а кој гласи:

„При утврдувањето на тарифните ставови, учеството на моќноста во вкупната вредност на електричната енергија изнесува:

— на висок напон 50%;
— на низок напон 25%.

Под вкупната вредност на електрична енергија се подразбира вредноста на моќноста, активната и прекумерно преземената реактивна енергија.

Учеството на моќноста во вкупната вредност на електрична енергија се утврдува за секоја категорија на потрошувачка, а оствареното учество на вредноста на моќноста во вкупната вредност на електричната енергија на поединечниот потрошувач зависи од остварените карактеристики на неговата потрошувачка.

Вкупната вредност на електричната енергија се утврдува со примена на тарифните ставови на соодветните тарифни елементи согласно член 3 од овој тарифен систем".

Член 2

Членот 28 став 1 точка 2 алинеја 1 се брише.

Член 3

Членот 5 од Измените и дополнувањата на Тарифниот систем за продажба на електрична енергија („Службен весник на СРМ" бр. 15/85) се брише.

Член 4

Стручните служби да изготват пречистен текст на Тарифниот систем.

ССИЗЕМ бр. 412/19/4
15 јуни 1989 година
Скопје

Претседател,
дипл. ел. инж. **Влатко Гаврилов,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — ШТИП

**259.**

Врз основа на член 105 од Законот за здравствена заштита и член 136 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Штип, Извршниот одбор на Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Штип, на седницата одржана на 1 јули 1989 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА 1989 ГОДИНА БР. 06-25/2 ОД 11. I. 1989 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за здружување на средства за здравствена заштита за 1989 година број 06-25/2 од 11. I. 1989 година, се врши измена и дополнување на членот 1 став 2 кој гласи:

Во членот 1 став 2 алинеја 3 бројката „8%" се заменува со бројката „10,50%".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јули 1989 година.

Одлуката ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 06-403/1
1 јули 1989 година
Штип

Претседател,
**Иван Хаџи Стојанов**, с. р.

# *Оїласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ II — СКОПЈЕ

Пред овој суд заведен е спор по тужбата на тужителот Димовски Милан од Скопје, а сега на привремена работа во Германија против тужената Димовска Зорица од Скопје, со непозната адреса на живеење.

Се повикува Димовска Зорица, да се јави во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во судот или во истиот рок, да ја достави својата точна адреса на живеење.

Доколку тужената во определениот рок не се јави во судот на истата ќе и биде поставен привремен старател во смисла на чл. 84 од ЗПП кој ќе ги застапува нејзините интереси во постапката се до нејзиното завршување.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, I П. бр. 1560/89. (120)

---

### СООПШТЕНИЕ

Врз основа на член 95 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ" број 17/79, 46/82 и 27/86) Собранијата на општините Гази Баба, Кисела Вода и Чаир објавуваат дека ќе извршат

ИЗБОР НА ЕДЕН СУДИЈА ВО ОПШТИНСКИОТ СУД СКОПЈЕ II — СКОПЈЕ

Кандидатите за избор на судија треба да ги исполнуваат следните услови:

— да се државјани на Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

— да се дипломирани правници со потребно искуство и стручно знаење;

— да имаат положено правосуден испит; и

— да имаат морално-политички квалитети за вршење на судиската функција.

Заинтересираните кандидати, пријавите со потребните документи треба да ги доставaт до Собранието на општината Чаир — Комисија за прашањата на изборите и именувањата, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на ова соопштение. (208)

---

## СОДРЖИНА

Страна

497. Закон за намалување на пресметаната амортизација — — — — — — — — 525
498. Закон за изменување и дополнување на Законот за насоченото образование — — 525
499. Закон за изменување и дополнување на Законот за предучилишно и основно воспитание и образование — — — — — 526
500. Закон за изменување на Законот за угостителската и туристичката дејност — — 527
501. Закон за дополнување на Законот за данокот на промет на недвижности и права 528
502. Закон за изменување на Законот за учество на Социјалистичка Република Македонија во финансирањето на штедењето, супституцијата и рационалното користење на сите видови енерги — — — — — 528
503. Закон за изменување на Законот за обезбедување средства за намирување на дел од обврските создадени со изградбата на проектот „Фени" — Кавадарци — — — 528
504. Закон за изменување на Законот за обезбедување и насочување на средствата за поттикнување на развојот на земјоделството — — — — — — — — — 529
505. Закон за дополнување на Законот за упис во судскиот регистар на задругите, самоуправните интереси заедници и другите субјекти определени со закон — — — 529
506. Закон за престанување на важењето на Законот за насочување на дел на приходите од данокот на промет за потребите на стопанството — — — — — — 530
507. Закон за престанување важењето на Законот за договорни организации на здружен труд — — — — — — — 530
508. Одлука за прогласување на Амандман LVI на Уставот на Социјалистичка Република Македонија — — — — — — 530
509. Одлука за давање согласност на Уставниот закон за измени на Уставниот закон за спроведување на Амандманите од IX до XLVII на Уставот на Социјалистичка Република Југославија — — — — — 530
510. Одлука за избор на претседател на Републичкиот суд за прекршоци — — — — 530
511. Одлука за разрешување од должноста јавен обвинител на Македонија — — — 531
512. Одлука за разрешување од должноста постојан судија на Основниот суд на здружениот труд — Скопје — — — — — 531
513. Одлука за избор на судија на Окружниот суд во Битола — — — — — — — 531
514. Одлука за избор на судија на Стопанскиот суд на Македонија — — — — 531
515. Одлука за разрешување член на Претседателството на Социјалистичка Република Македонија — — — — — — — — 531
516. Одлука за именување претседател и членови на Комисијата за контрола над работата на Службата за државна безбедност — — — — — — — — — 531
517. Одлука за избор на постојани судии на Основниот суд на здружениот труд — Скопје, Одделение во Титов Велес — — 532
518. Одлука за именување заменик окружен јавен обвинител во Битола — — — — 532
519. Одлука за разрешување од должноста републички советник во Собранието на СР Македонија — — — — — — — — 532
520. Одлука за давање согласност на Одлуката на Советот на Специјалниот завод во Демир Капија за именување директор на Заводот — — — — — — — — — 532
521. Одлука за именување членови на Конкурсната комисија за изготвување предлог за избор на декан на Филозофскиот факултет во Скопје — — — — — — — 532
522. Одлука за именување членови на Конкурсната комисија за именување директор на „Електростопанство на Македонија" 533
523. Одлука за давање согласност на Одлуката на Работничкиот совет на ООЗТ ХЕЦ

„Шпиље“ — Дебар за именување директор на организацијата — — — — — 533
524. Одлука за именување членови на Конкурсната комисија за изготвување предлог за избор на директор на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија при Универзитетот „Кирил и Методиј“ во Скопје — — — — — — — 533
525. Одлука за согласност на Собранието на СРМ со Одлуката за стапката на придонесот од личниот доход за пензиското и инвалидското осигурување од 1 јули 1989 година — — — — — — — — — 533
526. Одлука за согласност на Собранието на СРМ со Одлуката за стапките на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување од доходот за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење од 1 јули 1989 година — — — — 533
527. Одлука за согласност на Собранието на Социјалистичка Република Македонија со Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината и начинот на обезбедување на средствата на Републичката заедница на културата за 1989 година — — — — — — — — 534
528. Одлука за согласност на Собранието на Социјалистичка Република Македонија со Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на начинот на обезбедување на средствата за задоволување на заедничките потреби во научно-истражувачката дејност — — — — — — — — — 534
529. Одлука за согласност на Собранието на Социјалистичка Република Македонија со Одлуката за дополнување на Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование што ја донесе Собранието на Самоуправната интересна заедница за насочено образование во земјоделството, шумарството, дрвната индустрија и индустријата за тутун и прехранбената индустрија — — — — — — — — — 534
530. Одлука за согласност на Собранието на Социјалистичка Република Македонија со Одлуката за дополнување на Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование што ја донесе Собранието на Самоуправната интересна заедница за насоченото образование во електроенергија, електроиндустрија, метална и графичка индустрија и сообраќај и врски — — — 534
531. Одлука за согласност на Собранието на Социјалистичка Република Македонија со Одлуката за дополнување на Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование што ја донесе Собранието на Самоуправната интересна заедница за насоченото образование во рударство, металургија, градежништво и градежна индустрија, хемиска и текстилна индустрија и индустрија за чевли, кожа и гума — 535
532. Одлука за согласност на Собранието на Социјалистичка Република Македонија со Одлуката за дополнување на Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование што ја донесе Собранието на Самоуправната интересна заедница за насоченото образование во општествени и услужни дејности — — — — — — 535
533. Одлука за користење на средства од Постојаната резерва на СР Македонија — 535
534. Одлука за користење на средства од Постојаната резерва на СР Македонија — 535
535. Одлука за користење на средства од Постојаната резерва на СР Македонија — 536
536. Одлука за давање согласност на Одлуката за зголемување на ставките за наградата за дадена правна помош од страна на адвокатите предвидени во Тарифата за наградата и надоместокот на трошоците за работа на адвокатите, која стапи во сила на 8. V. 1989 година — — — — 536
537. Решение за разрешување од должноста виши советник во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија — — — 536
538. Решение за разрешување од должноста помошник на републичкиот секретар за општостопански работи, мало стопанство, туризам и пазар — — — — — 536
539. Решение за повторно назначување советник на директорот на Републичкиот завод за општествено планирање — — — 536
540. Решение за повторно назначување советник на директорот на Републичкиот завод за општествено планирање — — — 537
541. Тарифа за наградата и надоместокот на трошоците за работата на адвокатите — 537
**Исправка** на Измените на Републичкиот буџет за 1989 година — — — — — 538

**Општествени договори и самоуправни спогодби**

249. Општествен договор за измени и дополнувања на Општествениот договор за обезбедување средства, критериуми, постапка и начин на остварување на паричен надоместок на одредени категории на граѓани за 1989 година — — — — — — 538

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

СКОПЈЕ

250. Одлука за стапката на придонесот од личниот доход за пензиското и инвалидското осигурување од 1 јули 1989 година — — 539
251. Одлука за стапките на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување од доходот за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење од 1 јули 1989 година — — — — — — — — — 539
252. Одлука за дополнување на Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование — — — — — — — 539
253. Одлука за дополнување на Одлуката за висината на придонесот на насоченото образование — — — — — — — 539
254. Одлука за дополнување на Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование — — — — — — — — 540
255. Одлука за дополнување на Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование — — — — — — — — 540
256. Одлука за утврдување на висината и начинот на обезбедувањето на средствата на Републичката заедница на културата за 1989 година — — — — — — — — 540
257. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината и начинот на обезбедувањето на средства на Републичката заедница на културата за 1989 година — — — — — — — — 541
258. Тарифен систем за измени и дополнувања на Тарифниот систем за продажба на електрична енергија — — — — — 541
259. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за здружување на средства за 1989 година, бр. 06-25/2 од 11. I. 1989 година 541

**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје ул. „Васил Ѓоргов“ бб Пошт. фах. 51. Телефон 228-204. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје.**